**20151935332**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНАСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 ноември 2015 година.

Бр. 08-5161/1
3 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНАСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 72/2007, 5/2009 и 43/14), во членот 34-а став (1) зборовите: „3.000 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.“

Член 2

Во членот 34-б зборовите: „од 1.000 до 3.000“ се заменуваат со зборовите: „од 500 до 750“.

Член 3

Членот 34-в се менува и гласи:

„Член 34-в

За прекршоците утврдени во овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд“.

Член 4

По членот 34-в се додаваат два нови члена 34-г и 34-д, кои гласат:

„Член 34-г

За прекршоците утврдени во членот 34-а од овој закон, државниот инспектор за земјоделство е должен на сторителот да му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно со Законот за државниот инспекторат за земјоделство.“

Член 34-д

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.“

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.